# З А П И С Н И К

## од третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

## за 2026 година

Третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на ден 29.01.2026 година во 12:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од вториот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
3. Барање на согласност на Годишниот План за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, доставен од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, заведен под број 2302-22/1 од 23.01.2026 година;
4. Донесување на Одлука за продолжување на мандатот на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, поради тоа што постапката за именување на Директор на Агенцијата за електронски комуникации не е завршена.
5. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за третиот состанок на Комисијата на АЕК во 2026 година.

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот. Членот на Комисијата, д-р Адмирим Алити не пристапи кон гласање на овој записник од причини што истиот не беше присутен на претходниот состанок.

Во врска со точка 3, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации едногласно даде согласност на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, доставен од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, заведен под број 2302-22/1 од 23.01.2026 година.

Во врска со точка 4, Комисијата едногласно донесе Одлука за продолжување на мандатот на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, поради тоа што постапката за именување на Директор на Агенцијата за електронски комуникации не е завршена.

Седницата заврши во 13:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател__________

Анкица Трпковска, заменик претседател__________

Анѓелка Диневска, член__________

Насер Адеми, член__________

Д-р Адмирим Алити,член __________

Наш број 1102-4/2

Скопје 29.01.2026 година